**20260290429**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2026 година.

Член 2

Обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2026 година, се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука:

I. ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Поучување и учење

Потподрачје: Реализација на наставата

Теми:

- Примена на дигитални алатки за интерактивна настава (приоритетна програма за наставници од предметна настава)
- Интеграција на еколошки теми во наставата и развивање зелени навики и одговорно однесување кај учениците (приоритетна програма за наставници од предметна настава)
- Развивање критичко и аналитичко мислење преку стратегии и техники за читање со разбирање (приоритетна програма за наставници од одделенска настава)
- Користење алатки за вештачка интелигенција во наставата
- Креирање и прилагодување на дигитални наставни материјали
- Далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано и управување со виртуелна училница

Потподрачје: Оценување на учениците

Теми:

- Формативно и сумативно оценување и давање квалитетна, навремена и конструктивна повратна информација на учениците
- Изработка на тестови и други објективни инструменти за оценување со примена на валидни и сигурни критериуми

Потподрачје: Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби

Тема:

- Развивање компетенции за детекција на интереси, способности и афинитети кај учениците и нивна поддршка преку менторство, индивидуален пристап и насочување на образовниот и личниот развој.

2. ПОДРАЧЈЕ: Создавање стимулативна средина за учење

Потподрачје: Создавање безбедна и стимулативна средина за учење

Теми:

- Развој на дигитални вештини и сајбер безбедност кај учениците преку промовирање на безбедно, одговорно и етичко користење на дигиталните технологии
- Препознавање и постапување при ризични однесувања и јакнење на психолошката отпорност кај учениците.

3. ПОДРАЧЈЕ: Социјална и образовна инклузија
Потподрачје: Социјална и образовна инклузија
Тема:
- Проектна и истражувачка настава поврзана со одржлив развој преку примена на интердисциплинарен пристап и активно вклучување на учениците.

4. ПОДРАЧЈЕ: Професионален развој и професионална соработка
Потподрачје: Професионален развој и професионална соработка
Тема:
- Советување и професионална ориентација во дигитален контекст преку примена на дигитални алатки и платформи за информирање, насочување и поддршка на учениците.

## II. ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Поучување и учење
Потподрачје: Реализација на наставата
Теми:
- Користење алатки за вештачка интелигенција во наставата во наставата
- Развивање критичко и аналитичко мислење преку читање со разбирање – примена на стратегии за анализа, интерпретација и вреднување на различни видови текстови во наставата
Потподрачје: Оценување на учениците
Тема:
- Формативно и сумативно оценување и давање квалитетна, навремена и конструктивна повратна информација на учениците
Потподрачје: Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби
Тема:
- Напредни техники и алатки за кариерно советување за индивидуално насочување и поддршка на учениците (приоритетна програма за наставници – кариерни советници).

2. ПОДРАЧЈЕ: Создавање стимулативна средина за учење
Потподрачје: Создавање безбедна и стимулативна средина за учење
Тема:
- Развој на дигитални вештини и сајбер безбедност кај учениците преку безбедно, одговорно и етичко користење на дигиталните технологии.

### Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-2601/1 | Министер за образование |
| 11 февруари 2026 година | и наука, |
| Скопје | проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р. |